**20222243262**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), а во врска со член 45-а од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 октомври 2022 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СТРУКТУРА ЗА ПРЕГОВОРИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Член 1

Во Одлуката за воспоставување на Структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 200/22), во член 13 во ставот 1 пред зборовите „Се формираат“ се додава бројот „(1)“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Во работните групи за кластери од став (1) на овој член, освен соодветниот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, односно министер, задолжен за координација на кластерот, учествуваат и членот на групата за преговори и раководителите на работните групи за област и поглавје, кои се дел од кластерот.

„(3) Секретаријат на работните групи по кластери е Секретаријатот за европски прашања.“

Член 2

Во членот 15 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Во работните групи за област и поглавје, покрај составот утврден во ставовите (1) и (2) на овој член, учествуваат и носителите на подрачја во рамките на соодветната работна група.“

Ставот (6) станува став (7).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8941/5
4 октомври 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.